СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

MEMBER OF
fdi
FDI World Dental Federation

**Бр. 02-1172/7**

Скопје, 09.12.2021 година

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 27 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија *(Сл.весник на РСМ бр. 118/2021)*, на својата **24-тата седница**, одржана на **ден 08.12.2021 година,** едногласно ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за дополнување на листа на испитувачи- членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологија**

**Член 1**

Се дополнува листата на испитувачи, членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологија, чиј состав е објавен во одлуката бр. 02-143/3 од 21.01.2021 г. на Извршниот одбор на Комората.

**Член 2**

Листата на испитувачи - членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологијата се дополнува со следните доктори на стоматологија, кои до Стручната служба на Комората доставиле Пријава за член на испитна комисија и тоа:

1. **Доц.д-р Ана Белазелковска Грежловска и**
2. **Проф. д-р Марина Кацарска.**

**Член 3**

Дополнетата листа на испитувачи ќе се достави до Претседателот на Комората, кој е надлежен за формирање испитни комиси, согласно член 4 од Правилникот за стручен испит (Сл.весник на РСМ бр. 148/2020).

**Член 4**

Листата на испитувачи ќе се ажурира на секои 6 месеци.

Подносителот на Пријавата за испитувач е должен за секоја промена на податоците внесени во Пријавата да ја извести Стоматолошката комора на Македонија во најкраток можен рок.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР,**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË * SHKUP * СКОПЈЕ